Согласно член 1, став 3, точка 1 од Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија (Службен Весник на РМ бр. 231/18 од 18.12.2018 година), а во согласност со член 19 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје,(„Службен весник на Република Северна Македонија бр. 165/2020), Управниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, на 72-та седница одржана на ден 29.03.2021 година. со Одлука УО бр. 02-1894/4, донесе

# Правила за постапка за пријавување и определување на надоместок на штета поради намалена испорака или прекин во испораката на електрична енергија

### Член 1

Со овие Правила за постапка за пријавување и определување на надоместок на штета поради намалена испорака или прекин во испораката на електрична енергија (во понатамошниот текст: Правила) се уредуваат постапката за пријавување и определување на надоместок на штета што им е причинета на производителите и потрошувачите приклучени на електропреносниот систем, од страна на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: МЕПСО).

## i. Производители на електрична енергија

### Член 2

### Постапка за пријавување на штета кај производители

(1) Производителот на електрична енергија кој смета дека му е причинета штета поради намалена испорака или прекин во испораката на електрична енергија произведена во неговата електроцентрала во електропреносниот систем (во натамошниот текст: производител) предизвикани од МЕПСО, може да достави до МЕПСО барање за надомест на штета (образец БНШ).

(2) Барањето се смета за уредно поднесено ако истото е поднесено:

– во архивата на МЕПСО, или

– по препорачана пошта со јасна идентификација на денот на приемот на барањето, или

– во електронска форма на адресата за електронска пошта bpp@mepso.com.mk .

(3) Барањето од производителот се поднесува во рок од 60 дена од денот за којшто производителот тврди дека настанала штетата.

(4) Ако барањето е поднесено по истекот на рокот од 60 дена, службата за обесштетување/лицето назначено за постапување по барањето на МЕПСО донесува решение за отфрлање на барањето.

(5) Ако службата за обесштетување/лицето назначено за постапување по барањето утврди дека барањето е нецелосно и/или неуредно, во рок од осум дена од приемот на барањето го известува Барателот за неуредноста на барањето и му определува дополнителен рок од 15 дена за негово доуредување.

(6) Ако Барателот не го доуреди барањето во дополнителниот рок, службата за обесштетување/лицето назначено за постапување по барањето со решение го отфрла барањето.

(7) Против решението за отфрлање на барањето, Барателот, во рок од осум дена од денот на приемот на решението, може да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РС Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика).

(8) Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука во рок од осум дена од денот на приемот на приговорот.

(9) Службата за обесштетување/лицето назначено за постапување по барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на уредно барање донесува:

– Одлука за усвојување на барањето, со која го определува износот на надоместокот на штета и начинот на којшто е извршена пресметката за определување на износот на надоместокот, или

– Одлука за одбивање на барањето како неосновано и ги образложува причините за одбивањето.

(10) Службата за обесштетување/лицето назначено за постапување по барањето ја доставува Одлуката до производителот во рок од три работни дена од денот на нејзиното донесување.

(11) Во случај на намалена испорака или прекин во испораката на електрична енергија службата за обесштетување/лицето назначено за постапување по барањето во пресметката ја користи методологијата од член 13, став (2) од Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија (Службен Весник на РМ бр. 231/18).

(12) Заедно со Одлуката, службата за обесштетување/лицето назначено за постапување по барањето доставува и спогодба за исплата на надоместокот.

(13) Ако производителот се согласи со износот на надоместокот определен во Одлуката, најдоцна во рок од пет работни дена писмено го известува за тоа МЕПСО, кој наредниот работен ден по приемот на известувањето го повикува да ја склучат спогодбата за исплата на надоместокот.

(14) Ако производителот не се согласи со износите или со Одлуката, во рок од пет работни дена од приемот на Одлуката може да побара да одлучи Комисијата за утврдување на штети и определување на износот на надоместокот за штети (во понатамошниот текст: Комисија), формирана од страна на МЕПСО, во согласност со Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија.

(15) Комисијата работи во согласност со Деловник за работа на комисија за утврдување на штети и определување на износот на надоместокот за штети објавен на www.mepso.com.mk .

(16) Комисијата донесува Одлука за одбивање на барањето, ако во конечниот записник утврдила постоење на некоја од следниве причини:

1. намалената испорака или прекин во испораката настанала поради:

– виша сила,

– оштетувања што не биле предизвикани, ниту можеле да бидат спречени од страна на МЕПСО, предизвикани од дејствија на трети лица, или хаварии во постројки сопственост на трети лица, или

– причини во електродистрибутивниот систем ако барањето на производителот приклучен на електропреносниот систем е доставено до МЕПСО,

– испад кај производителот на електрична енергија,

– испад во друга мрежа што повратно влијае врз елетропреносната мрежа, или

– испад во друга преносна мрежа поврзана со електропреносниот систем на РС Македонија, или

2. максималниот број на прекини во текот на еден ден (24 часа) е помал или еднаков на пет прекини или вкупниот број на прекини во текот на еден месец е помал или еднаков на 14, или

3. времетраењето на намалената испорака или прекин во испораката е пократко од девет часа во континуитет, или вкупното времетраење на намалената испорака или прекин во текот на еден календарски месец не надминува 12 часа.

(17) Ако Комисијата утврди дека постои штета, донесува Одлука за усвојување на барањето, со која го определува износот на надоместокот на штета и начинот на којшто е извршена пресметката за определување на износот на надоместокот и во која ги наведува причините за настанувањето и времетраењето на намалената испорака односно прекинот на испорака на електрична енергија, како и другата штета што ја претрпел производителот.

(18) Секоја страна во постапката пред Комисијата ги надоместува трошоците за учество и работа на членот на Комисијата којштo го назначила. Страната којашто го изгубила спорот во рок од 15 дена од конечноста на записникот на Комисијата, на сметката на независниот член на Комисијата уплатува средства за учеството во работата на Комисијата според вредноста на спорот и за реално направените трошоци во врска со неговата работа, врз основа на пресметка на трошоците изготвена од вештото лице, во согласност со прописот со којшто се утврдува наградата за вештите лица.

(19) Страната која го изгубила спорот, а којашто не дала изјава за прифаќање на правосилноста на одлуката на Комисијата, може да достави приговор против одлуката до Регулаторната комисија за енергетика.

(20) Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот.

## Член 3
## Утврдување на надоместок на штета кај производители

(1) При утврдување на надоместокот за штетата се користи следната методологија:

1. количината на електрична енергија која не е испорачана во електропреносниот систем од страна на производителот како последица на намалена испорака или прекин во испораката на електрична енергија се утврдува врз основа на просекот од:

– петдневно просечно производство на електрична енергија на производителот во деновите непосредно пред настанување на прекинот или намалената испорака, и

– петдневно просечно производство на електрична енергија на производителот во деновите по престанување на прекинот или намалената испорака, во период од денот идентичен со периодот на прекин или намалена испорака;

2. во случај на намалена испорака на електрична енергија, вкупната количина на неиспорачана електрична енергија за која треба да биде исплатен надоместок на штета се утврдува како разлика на вкупната количина на електрична енергија која требало да биде испорачана во согласност со точка 1 и

измерената количина на испорачаната електрична енергија од страна на производителот во периодот на намалена испорака;

3. во случај на целосен прекин на испорака на електрична енергија, вкупната количина на неиспорачана електрична енергија е еднаква на вкупната количина на електрична енергија која требало да биде испорачана, утврдена во согласност со точка 1;

4. цената на електричната енергија е еднаква на:

– повластената тарифа согласно одлуката за користење на повластена тарифа донесена од Регулаторната комисија за енергетика, ако производителот е повластен производител кој користи повластена тарифа,

– цената на електричната енергија на организираниот пазар ден однапред во моментот на прекин или согласно последниот договор за продажба на билатерален пазар, вклучувајќи ја и премијата, ако производителот е повластен производител кој користи премија, или

– цената на електричната енергија на организираниот пазар ден однапред во моментот на прекин или согласно важечкиот договор за продажба на билатерален пазар во моментот на прекинот.

5. износот на надоместокот на штета настаната како последица на прекин, односно намалена испорака се утврдува како производ на вкупната количина на електрична енергија пресметана во согласност со точка 2, односно точка 3 и цената на електрична енергија утврдена во согласност со точка 4.

II. **Потрошувачи на електрична енергија**

**Член 4**
**Постапка за пријавување на штета кај потрошувач на електрична енергија**

(1) Потрошувачот на електрична енергија кој смета дека му е причинета штета поради намалена испорака или прекин во испораката на електрична енергија во електропреносниот систем (во натамошниот текст: потрошувач) може да достави до МЕПСО барање за надомест на штета.

(2) Потрошувачот може да го овласти својот снабдувач да го застапува во постапката за обесштетување пред МЕПСО.

(3) Барањето за надомест на штета се смета за уредно ако е поднесено:

1. во архивата на МЕПСО, или

2. по препорачана или курирска пошта со јасна идентификација на денот на кој потрошувачот го

испратил, а МЕПСО го примил на барањето, или

3. во електронска форма на адресата за електронска пошта bpp@mepso.com.mk .

(4) Кон барањето за надомест на штета потрошувачот може да приложи и резултати од мерењата извршени согласно Правилникот за контрола на квалитетот на електричната енергија од кои се утврдува дека квалитетот на испорачаната електрична енергија не е во согласност со параметрите за квалитет утврдени во соодветните мрежни правила и важечките стандарди во РС Македонија.

(5) Барањето за надомест на штета се поднесува како:

1. Барање за исплата на стандарден надоместок на штета, или

2. Барање за надоместок на штета настаната врз имотот на потрошувачот поради намалена испорака или прекин на испорака на електрична енергија.

(6) Кон барањето од точка 2, потрошувачот поднесува докази за претрпената штета, како и процена на штетата.

(7) Во рок од 15 дена од денот на приемот на целосното барање од точките 1 и 2, МЕПСО одлучува по барањата и донесува:

– Одлука за усвојување на барањето, со која го определува износот на надоместокот, или

– Одлука за одбивање на барањето како неосновано и ги образложува причините за одбивањето.

(8) Одлуката за усвојување на барањето, заедно со спогодба за исплата на надоместокот, операторот ги доставува до потрошувачот, односно неговиот овластен застапник во рок од три работни дена.

(9) Ако потрошувачот се согласи со износот на надоместокот, најдоцна во рок од три работни дена писмено го известува за тоа МЕПСО, а МЕПСО наредниот ден од приемот на известувањето го повикува да склучат спогодба за исплата на надоместокот.

(10) Ако потрошувачот не се согласи со износот, или со Одлуката, во рок од пет работни дена од приемот на одлуката може да поднесе барање до Комисија формирана од МЕПСО.

(11) МЕПСО нема обврска за плаќање на надоместокот за штета ако се утврди дека постојат основи за ослободување на МЕПСО од одговорност за штета, односно ако штетата настанала поради:

1. прекин предизвикан од повратно влијание на уредите на потрошувачот врз соодветниот систем,

или

2. дејствија на трети лица кои не се ангажирани од МЕПСО, или

3. виша сила, или настани и состојби утврдени во договорот за приклучување и користење на мрежата, односно општите правила за користење на мрежата уредени во соодветните мрежни правила, а кои преставуваат основа за ослободување на МЕПСО од одговорноста за штета, или

4. планиран прекин, а за тоа снабдувачот, односно потрошувачот:

– биле известени од страна на МЕПСО на начин утврден со соодветните мрежни правила,

– биле известени за промената на терминот во кој ќе има прекин на начин утврден со соодветните мрежни правила, или

– терминот за планираниот прекин бил претходно усогласен со потрошувачите на кои, согласно правилата за снабдување со електрична енергија и соодветните мрежни правила, не смее да им се прекине електричната енергија, или потрошувачите на кои електричната енергија им е неопходна за непречено одвивање на нивниот производствен процес.

(12) МЕПСО нема обврска за плаќање на надоместокот за штета ако:

– потрошувачот има повеќе од три неплатени фактури за користење на мрежата на електропреносниот систем

– Регулаторната комисија за енергетика го одобрила приклучувањето иако МЕПСО го одбил, а корисникот дал изјава дека нема да се жали на квалитет на електричната енергија, или

– Регулаторната комисија за енергетика наложила приклучување на приватни мрежи што не се во сопственост на МЕПСО.

(13) Потрошувачот има право да поднесе барање до МЕПСО за исплата на стандарден надоместок на штета во случај на ненајавен прекин во испораката на електрична енергија или во случај кога најавениот прекин ќе трае подолго отколку што е наведено во најавата за прекинот.

(14) По исклучок од претходното, потрошувачот има право на стандарден надоместок за штета кога прекинот е најавен, а неговото времетраење во континуитет е:

– за најмалку 12 часа подолго од времето предвидено за отстранување на причината за прекинот, утврдено во согласност со Листа на временски интервали потребни за отстранување на прекините во зависност од времетраењето и причините за нивното настанување, или

– за најмалку 12 часа подолго од времето на планираниот прекин за кој потрошувачите се уредно известени, или

– подолго од 5 часа во случаите на планирани прекини за кои потрошувачите не биле уредно известени.

**Член 5**

**Утврдување на надоместок на штета кај потрошувачи**

(1) Стандардниот надоместокот на штета се определува како процент од вкупниот надоместок за користење на соодветниот систем што го платил потрошувачот во претходните 12 месеци на следниот начин:

– 10% за првите 6 часа по истекот на времето кое изнесува 12 часа зголемени за времето предвидено за отстранување на причината за прекинот, утврдено во согласност со Листа на временски интервали ,

– 20% за секои следни започнати 24 часа по првите 6 часа.

(2) Вкупниот стандарден надоместок на штета не може да го надмине износот од 50 % од вкупниот надоместокот за користење на системот што го платил потрошувачот во последните 12 месеци пред моментот на настанување на штетата.Вкупниот стандарден надоместок на штета се намалува за 50% ако потрошувачот има три неплатени доспеани фактури за користење на соодветниот систем.

**IV. Преодни и завршни одредби**

**Член 6**

(1) Овие Правила влегуваат во сила и се применуваат од денот на нивното донесување.

(2) Правилата ќе бидат објавени на веб страницата на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје.

Në bazë të nenit 1, paragrafi 3, pika 1 e Rregullave për përcaktimin e kompensimit për dëmin e shkaktuar prodhuesve dhe konsumatorëve të energjisë elektrike (Gazeta Zyrtare e RMV-së nr. 231/18 datë 18.12.2018), si dhe në përputhje me nenin 19 të Statusit të Operatorit të sistemit elektrotransmetues të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Shoqëri aksionare për transmetimin e energjisë elektrike dhe menaxhimin e sistemit elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup, ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut, nr. 165/2020), Këshilli drejtues i ShA MEPSO në pronësi shtetërore, Shkup, në mbledhjen e 72 -të të mbajtur më 29.03.2021. me Vendimin KD nr. 02-1894 / 4, solli këtë:

# Rregulla për procedurën e raportimit dhe përcaktimit të kompensimit për dëmin e shkaktuar nga reduktimi i transmetimit ose ndërprerjes së transmetimit të energjisë elektrike

## Neni 1

Këto Rregulla për procedurën e raportimit dhe përcaktimit për kompensim të dëmit për shkak të reduktimit të transmetimit ose ndërprerjes së transmetimit të energjisë elektrikenë (në tekstin e mëtejmë: Rregulla) rregullojnë procedurën për raportimin dhe përcaktimin e kompensimit të dëmit të shkaktuar prodhuesve dhe konsumatorëve të lidhur në sistemin elektrotransmetues, nga Operatori i sistemit elektrotransmetues të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Shoqëri aksionare për transmetimin e energjisë elektrike dhe menaxhimin e sistemit elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup (në tekstin e mëtejmë: MEPSO).

## I. Prodhuesit e energjisë elektrike

## Neni 2

### Procedura për raportimin e dëmeve tek prodhuesit

(1) Prodhuesi i energjisë elektrike i cili konsideron se është dëmtuar për shkak të reduktimit ose ndërprerjes së transmetimit të energjisë elektrike të prodhuar në termocentralin e tij në sistemin elektrotransmetues (në tekstin e mëtejmë: prodhues) të shkaktuara nga MEPSO, mund t'i dorëzojë MEPSO –s kërkesë për dëmshpërblim (formulari KKD)

(2) Kërkesa konsiderohet valide në qoftë se është parashtruar:

- në arkivin e MEPSO-s;
- me postë rekomanduese me identifikim të qartë të ditës së marrjes së kërkesës;
- në formë elektronike adresuar me postë elektronike bpp@mepso.com.mk.

(3) Kërkesa nga prodhuesi parashtrohet brenda 60 ditëve nga dita për të cilën prodhuesi pretendon se ka ndodhur dëmi.

(4) Nëse kërkesa është parashtruar pas skadimit të afatit prej 60 ditësh, shërbimi i kompensimit / personi kompetent sipas kërkesës së MEPSO merr vendim për refuzimin e kërkesës.

(5) Nëse shërbimi për kompensim / personi kompetent për verifikim të kërkesës, konstaton se kërkesa nuk është e plotë ose është e parregullt, brenda tetë ditëve nga marrja e kërkesës njofton Parashtruesi për parregullsinë e saj dhe përcakton afat shtesë prej 15 ditësh për redaktimin e tij.

(6) Nëse Kërkuesi nuk e kompleton kërkesën brenda afatit shtesë, shërbimi për kompensim / personi kompetent e refuzon kërkesën.

(7) Kundër aktvendimit për refuzimin e kërkesës, Parashtruesi brenda tetë ditëve nga dita e marrjes së aktvendimit, mund të parashtrojë kundërshtim drejtuar Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe Shërbimeve të Ujit të RMV-së (në tekstin e mëtejmë: Komisioni Rregullator i Energjetikës).

(8) Komisioni Rregullator i Energjetikës merr vendim brenda tetë ditëve nga dita e pranimit të kundërshtimit.

(9) Shërbimi për kompensim / personi kompetent në afat prej 15 ditëve nga dita e marrjes së kërkesës sjell:

- Vendim për miratimin e kërkesës, i cili përcakton shumën e kompensimit dhe mënyrën në të cilën është kryer llogaritja për përcaktimin e shumës së kompensimit, ose

- Vendim për refuzimin e kërkesës si të pabazë dhe shpjegimin e arsyes së refuzimit.

(10) Shërbimi për kompensim/ personi kompetent për verifikim të kërkesës dorëzon Vendimin prodhuesit brenda tre ditëve të punës nga dita e miratimit të tij.

(11) Në rast të reduktimit të transmetimit ose ndërprerjes së transmetimit me energji elektrike, shërbimi i kompensimit / personi kompetent gjatë llogaritjes përdorë metodologjinë e theksuar në nenin 13, paragrafi (2) të Rregullave për përcaktimin e kompensimit të dëmit të shkaktuar prodhuesve dhe konsumatorëve të energjisë elektrike.(Gazeta Zyrtare e RMV-së nr. 231/18).

(12) Së bashku me Vendimin, shërbimi për kompensim / personi kompetent gjithashtu dorëzon marrëveshje për pagesën e kompensimit.

(13) Nëse prodhuesi pajtohet me shumën e tarifës së përcaktuar në Vendim, brenda pesë ditëve të punës do të njoftojë MEPSO-n me shkrim, e cila po të nesërmen do të ftojë atë për të lidhur kontratën për pagesën e kompensimit.

(14) Nëse prodhuesi nuk pajtohet me shumën ose me Vendimin, në afat prej pesë ditë pune nga marrja e Vendimit, mund të kërkojë që të vendosë Komisioni për përcaktimin e dëmeve dhe përcaktimin e shumës së kompensimit (në tekstin e mëtejmë: Komisioni),i formuar nga MEPSO, në përputhje me Rregullat për përcaktimin e kompensimit të dëmit të shkaktuar prodhuesve dhe konsumatorëve të energjisë elektrike.

(15) Komisioni punon në përputhje me Rregulloren e punës së komisionit për përcaktimin e dëmeve dhe përcaktimin e shumës së kompensimit, e publikuar në www.mepso.com.mk).

(16) Komisioni sjell Vendim për refuzimin e kërkesës, nëse në procesverbalin përfundimtar ka konstatuar ekzistencën e ndonjërës prej arsyeve të mëtejme:

1. Reduktimi i transmetimit ose ndërprerjes së transmetimit ka ndodhur për shkak të:

- fuqi e jashtëzakonshme;
- dëmet që nuk janë shkaktuar, as që mund të ishin parandaluar nga MEPSO-ja, të shkaktuara nga veprimet e palëve të treta, ose aksidente në impiantet në pronësi të palëve të treta;
- arsyet në sistemin elektropërçues nëse kërkesa e prodhuesit të lidhur me sistemin elektrotransmetuese është dorëzuar në MEPSO;
- ndërprerje tek prodhuesi i energjisë elektrike,
- ndërprerje në një rrjet tjetër i cili përsëri ndikon mbi rrjetin elektrotransmetues;

-ndërprerje në një rrjet tjetër transmetues të lidhur me sistemin elektrotransmetues të RMV-së;

2. numri maksimal i ndërprerjeve gjatë një dite (24 orë) është më i vogël ose i barabartë me pesë ndërprerje ose numri i përgjithshëm i ndërprerjeve gjatë një muaji është më i vogël ose i barabartë me 14;

3. kohëzgjatja e transmetimit të reduktuar ose ndërprerja gjatë transmetimit është më e shkurtër se nëntë orë në kontiunitet, ose kohëzgjatja totale e transmetimit të reduktuar ose ndërprerjes gjatë një muaji kalendarik nuk i kalon 12 orët.

(17) Nëse Komisioni konstaton se ekzistojnë dëme, miraton Vendim për miratimin e kërkesës, i cili përcakton shumën e kompensimit dhe mënyrën në të cilën është bërë llogaritja për përcaktimin e shumës së kompensimit dhe në të cilin potencon arsyet e ndodhjes dhe kohëzgjatjes së transmetimit të reduktuar, pra ndërprerjen së transmetimit me energji elektrike, si dhe dëme të tjera të që ka pësuar prodhuesi.

(18) Secila palë në procedurat para Komisionit do të kompensojë shpenzimet e pjesëmarrjes dhe punës së anëtarit të Komisionit të emëruar. Pala që humb çështjen, brenda 15 ditëve nga përfundimi i procesverbalit të Komisionit, në llogari të anëtarit të pavarur të Komisionit paguan mjete për pjesëmarrjen në punën e Komisionit dhe ate sipas vlerës së çështjes dhe për shpenzimet e kryera në lidhje me punën e tij,në bazë të llogaritjes së kostove të përgatitura nga personi i shkathët, në përputhje me rregulloren që përcakton shpërblimin për personat e shkathët.

(19) Pala që ka humbur çështjen dhe e cila nuk ka paraqitur deklaratë për pranimin e vlefshmërisë së vendimit të Komisionit, mund të paraqesë kundërshtim kundër vendimit ndrejtuar Komisionit Rregullator të Energjetikës.

(20) Komisioni Rregullator i Energjetikës merr vendim brenda 15 ditëve nga dita e marrjes së ankesës.

**Neni 3**

**Përcaktimi i kompensimit për prodhuesit**

(1) Gjatë përcaktimit të kompensimit shfrytëzohet metodologjia e mëtejme:

1. sasia e energjisë elektrike e cila nuk është transmetuar në sistemin elektrotransmetues nga prodhuesi si pasojë e reduktimit të transmetimit ose ndërprerjes së transmetimit të energjisë elektrike përcaktohet në bazë të mesatares së:

   - prodhimi mesatar pesë-ditor i energjisë elektrike i prodhuesit në ditët para ndërprerjes ose zvogëlimit të shpërndarjes, dhe

   - prodhimi mesatar pesë-ditor i energjisë elektrike të prodhuesit në ditët pas përfundimit të ndërprerjes ose furnizimit të reduktuar, në një periudhë identike me periudhën e ndërprerjes ose reduktimit të transmetimit;

2. në rast të reduktimit të transmetimit të energjisë elektrike, shuma totale e energjisë elektrike të pashfrytëzuar për të cilën duhet të paguhet kompensim, përcaktohet si diferencë e sasisë totale të energjisë elektrikee cila duhej të shpërndahej në përputhje me pikën 1 dhe sasisë së matur të energjisë elektrike së furnizuar nga prodhuesi në periudhën e furnizimit të reduktuar;

3. në rast të ndërprerjes totale të transmetimit të me energjisë elektrike, sasia totale e energjisë elektrike së pashpërndarë është e barabartë me sasinë totale të energjisë elektrike e cila është dashur të transmetohet në përputhje me pikën 1;

4. çmimi i energjisë elektrike është i barabartë me:

   - tarifa preferenciale në përputhje me vendimin për përdorimin e tarifës preferenciale të miratuar nga Komisioni Rregullator i Energjetikës, nëse prodhuesi është prodhues preferencial që përdor një tarifë preferenciale,

   - çmimi i energjisë elektrike në tregun e organizuar një ditë më parë në momentin e ndërprerjes ose në përputhje me kontratën e fundit për shitje në tregun dypalësh, përfshirë primin, nëse prodhuesi është prodhues preferencial I cili përdor primin, ose

   - çmimi i energjisë elektrike në tregun e organizuar një ditë më parë në momentin e ndërprerjes ose në përputhje me kontratën e vlefshme për shitje në tregun dypalësh në momentin e ndërprerjes.

5. shuma e kompensimit për dëmin e shkaktuar si pasojë e ndërprerjes, d.m.th. transmetimit të reduktuar përcaktohet si produkt i sasisë totale të energjisë elektrike të llogaritur në përputhje me pikën 2, respektivisht pikën 3 dhe çmimin e energjisë elektrike të përcaktuar në përputhje me pikën 4.

## II. Konsumatorë të energjisë elektrike

### Neni 4

### Procedura për raportimin e dëmtimit të konsumatorit të energjisë elektrike

(1) Konsumatori i energjisë elektrike i cili konsideron se i është shkaktuar dëm për shkak të reduktimit të transmetimit ose ndërprerjes së energjisë elektrike në sistemin elektrotransmetues (në tekstin e mëtejmë: konsumatori) mund t'i dorëzojë MEPSO -s kërkesë për kompensim.

(2) Konsumatori mund të autorizojë furnizuesin e tij që ta përfaqësojë atë në procedurën e kompensimit para MEPSO -s.

(3) Kërkesa për kompensim konsiderohet e rregullt nëse është dorëzuar:

1.në arkivin e MEPSO-s,ose

2. me postë rekomanduese ose me korrier me identifikim të qartë të ditës në të cilën konsumatori ka dërëzuar,kurse MEPSO ka pranuar kërkesën, ose

3.në formë elektronike drejtuar postës elektronoke bpp@mepso.com.mk.

(4) Kërkesës për kompensim, konsumatori mund t'i bashkëngjisë rezultatet e matjeve të kryera në përputhje me Rregulloren për kontrollin e cilësisë së energjisë elektrike, e cila përcakton se cilësia e energjisë elektrike së transmetuar nuk është në përputhje me parametrat e cilësisë së përcaktuar në rregullat përkatëse të rrjetit dhe standardet aktuale në RMV-së.

(5) Kërkesa për kompensim të dëmit parashtrohet si në vijim:

1. Kërkesë për pagesën e dëmshpërblimit standard, ose

2. Kërkesë për kompensim të dëmit të shkaktuar mbi pronën e konsumatorit për shkak të reduktimit të transmetimit ose ndërprerjes së transmetimit të energjisë elektrike.

(6) Kërkesës së pikës 2, konsumatori i parashtron dëshmi për dëmin e pësuar, si dhe vlerësimin e dëmit.

(7) Brenda 15 ditëve nga dita e marrjes së kërkesës së plotë nga pikat 1 dhe 2, MEPSO vendos sipas kërkesave dhe miraton:

- Vendim për miratimin e kërkesës, i cili përcakton shumën e kompensimit, ose

- Vendim për refuzim të kërkesës si të pabazë dhe sqaron arsyet e refuzimit.

(8) Vendimi për miratimin e kërkesës, së bashku me marrëveshjen për pagesën e kompensimit, operatori i dorëzon konsumatorit, përkatësisht përfaqësuesit të tij të autorizuar brenda tre ditëve të punës.

(9) Nëse konsumatori pajtohet me shumën e kompensimit, brenda tre ditëve njofton me shkrim MEPSO-n, ndërsa MEPSO po të nesërmen fton që të lidhin marrëveshje për pagesën e kompensimit.

(10) Nëse konsumatori nuk pajtohet me shumën, ose me Vendimin, brenda pesë ditëve pune nga marrja e vendimit, mund t'i parashtojë kërkesë Komisionit të themeluar nga MEPSO.

(11) MEPSO nuk ka asnjë detyrim të paguajë kompensimin për dëmin nëse përcaktohet se ka arsye për lirimin e MEPSO -s nga përgjegjësia për dëmin, d.m.th nëse dëmi ka ndodhur për shkak të:

1. ndërprerje e shkaktuar nga ndikimi i reagimeve të pajisjeve të konsumatorit në sistemin përkatës, ose

2. veprime të palëve të treta të cilët nuk janë të angazhuar nga ana e MEPSO-s, ose

3. fuqi e jashtëzakonshme, ose ngjarje dhe kushte të përcaktuara në kontratën për lidhjen dhe përdorimin e rrjetit, domethënë rregulla të përgjithshme për përdorimin e rrjetit të rregulluara në rregullat përkatëse të rrjetit, të cilat janë bazë për lirimin e MEPSO -s nga përgjegjësia për dëmin, ose

4. ndërprerje e planifikuar, për të cilën furnizuesi, pra konsumatori:

- është njoftuar nga MEPSO në mënyrë të përcaktuar nga rregullat përkatëse të rrjetit,

- është njoftuar për ndryshimin e terminit, në të cilin do të ketë ndërprerje në mënyrë të përcaktuar nga rregullat përkatëse të rrjetit, ose

- termi për ndërprerjen e planifikuar ishte paraprakisht i harmonizuar me konsumatorët, të cilëve sipas rregullave për furnizimin me energji elektrike dhe sipas rregullave përkatëse të rrjetit, nuk duhet tu ndërpritet energjia elektrike, ose konsumatorëve të cilët kanë nevojë për energji elektrike për mbarëvajtjen e procesit të tyre të prodhimit.

(12) MEPSO nuk ka detyrim të paguajë dëmet nëse:

- konsumatori ka më shumë se tre fatura të papaguara për përdorimin e rrjetit të sistemit elektrotransmetues

- Komisioni Rregullator i Energjetikës miratoi lidhjen edhe pse MEPSO refuzoi, ndërsa përdoruesi deklaroi se nuk do të ankohej për cilësinë e energjisë elektrike, ose

- Komisioni Rregullator i Energjetikës imponon lidhjen me rrjetet private që nuk janë në pronësi të MEPSO -s.

(13) Konsumatori ka të drejtë të paraqesë kërkesë në MEPSO për pagesën e kompensimit standard në rast të ndërprerjes së paparalajmëruar të transmetimit të energji elektrike ose në rast se ndërprerja e shpallur do të zgjasë më shumë se sa që është potencuar në njoftimin paraprak.

(14) Si përjashtim nga ai i mëparshmi, konsumatori ka të drejtë në një kompensim standard të dëmit kur ndërpreja është paralajmëruar,kurse kohëzgjatja e tij është në kontinuitet:

- për të paktën 12 orë më shumë se koha e parashikuar për largimin e shkakut të ndërprerjes, e përcaktuar në përputhje me Listën e intervaleve kohore të nevojshme për heqjen e ndërprerjes në varësi të kohëzgjatjes dhe arsyeve të ndodhjes së tyre, ose

- për të paktën 12 orë më shumë se koha e ndërprerjes së planifikuar për të cilën konsumatorët janë njoftuar në mënyrën e duhur, ose

- më shumë se 5 orë në rast të ndërprerjeve të planifikuara për të cilat konsumatorët nuk ishin njoftuar në mënyrë të duhur.

## Neni 5

## Përcaktimi i kompensimit të konsumatorit

(1) Kompensimi standard përcaktohet si përqindje e dëmshpërblimit total për përdorimin e sistemit përkatës të paguar nga konsumatori në 12 muajt e mëparshëm sin ë vijim:

- 10% për 6 orët e para pas skadimit të kohës e cila është 12 orë e shtuar për kohën e parashikuar për eliminimin e arsyes së ndërprerjes, të përcaktuar në përputhje me Listën e intervaleve kohore,

- 20% për secilin 24-orëshin e ardhshëm të filluar pas 6 orëve të para.

(2) Kompensimi i përgjithshëm standard nuk mund të kalojë shumën prej 50% të dëmshpërblimit të total për përdorimin e sistemit të paguar nga konsumatori në 12 muajt e fundit para momentit të ndodhjes së dëmit.Kompensimi standard total zvogëlohet për 50 % nëse konsumatori ka tre fatura të papaguara për përdorimin e sistemit përkatës.

## III. Dispozita kalimtare dhe përfundimtare

**Neni 6**

(1) Këto Rregulla hyjnë në fuqi dhe zbatohen nga dita e miratimit.

(2) Rregullat do të publikohen në faqen e internetit të ShA MEPSO në pronësi shtetërore, Shkup.

**УО бр. KD nr. 02-1894/4-1**
**29.03.2021 година**

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**ShA MEPSO në pronësi shtetërore,Shkup**
**Drejtori Gjeneral**

**Kushtrim Ramadani**

**Барање за надомест на штета од производител (БНШ)**

**Kërkesë për kompensim nga prodhuesi (KK)**

| **Податоци за производителот**<br>**Të dhënat** | **Печат на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**<br>**Vula e ShA MEPSO në pronësi shtetërore, Shkup** |
|---|---|
| Назив:<br>Emri: | |
| Број и датум на издавање на лиценца:<br>Numri dhe data e licencës: | |
| Адреса:<br>Adresa: | |
| Место:<br>Vendi: | |
| Лице за контакт:<br>Personi për kontakt: | |
| Телефон:<br>Telefoni: | **Податоци за прекинот**<br>**Të dhënat e ndërprerjes** |
| E-mail:<br>E-mail: | Време на започнување на прекинот:<br>Koha e fillimit të ndërprerjes: |
| | Времетраење на прекинот:<br>Kohëzgjatja e ndërprerjes: |
| **Адресни податоци за електроцентралата**<br>**Të dhënat për centralin elektrik** | |
| Адреса:<br>Adresa: | **Проценка на штета**<br>**Vlerësimi i dëmit** |
| Место:<br>Vendi: | Проценка на неиспорачана енергија: kWh |
| Општина:<br>Komuna: | Цена на неиспорачаната енергија: денари/kWh |
| Катастарска парцела бр:<br>Parcela kadastrale nr: | |

| Вид на електроцентрала<br>Lloji i centralit elektrik | Опис на претрпената штета<br>Përshkrimi i dëmit të pësuar |
|---|---|
| ○ Хидроцентрала<br>Hidrocentrali<br>○ Ветерна централа<br>Centrali me erë<br>○ Фотонапонска централа<br>Centrali fotovoltaik<br>○ Термоцентрала на био-гас<br>Termocentrali i biogazit<br>○ Термоцентрала на био-маса<br>Termocentrali i biomasës<br>○ Друго: ____________<br>Tjetër: ____________ | |
| **Технички податоци за електроцентралата<br>Të dhënat teknike për centralin elektrik** | |
| Инсталирана моќност: kW<br>Fuqia e instaluar:kW<br>Напонско ниво на приклучување: kV<br>Niveli i tensionit të lidhjes: kV | |
| **Начинот на кој е направена пресметка на надоместокот за штета<br>Mënyra e llogaritjes së kompensimit** | |
| | |
| **Општи упатства<br>Udhëzime të përgjithshme** | |
| Производителот во прилог на барањето може да наведе и други податоци и да приложи докази за коишто смета дека се од значење во постапката за одлучување по барањето<br>Prodhuesi,në shtojcë mund të potencojë edhe informacione të tjera dhe të sigurojë dëshmi që i konsideron të rëndësishme për procedurën e vendimit të kërkesës | |

| Датум на поднесување<br>Data | Место<br>Vendi | Подносител<br>Parashtruesi |
|---|---|---|
| ______________ | ______________ | ______________ |